Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2022.0201-536/4
29.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРАЊЕ НА ЛИЦА

## АБП 2006

Член 1. Договор за осигурување
Член 2. Траење на осигурувањето
Член 3. Промена на живеалиштето на договарачот на осигурувањето
Член 4. Доспевање на обврските за исплата на надомест
Член 5. Обврски на договарачот на осигурување
Член 6. Кршење на договорените обврски
Член 7. Обврска за пријава пред склучување на догорот за осигурување
Член 8. Зголемена опасност од штетен hastan
Член 9. Пријава и утврдување на штета
Член 10. Плаќање на премије
Член 11. Писмена форма
Член 12. Застапници на осигурувањето
Член 13. Вештачење
Член 14. Осигурување за туѓа сметка и осигурување од трето лица
Член 15.Заштита на потрошувачи
Член 16.Доверливост на информациите
Член 17.Вонсудско решавање на спорови
Член 18.Заштита на лични податоци
Член 19.Застареност
Член 20.Надзор над друштвото за осигурување
Член 21.Изјава за информираност
Член 22. Завршни одредби

### Член 1.

### Договор за осигурување

Понудата, полисата, договорените услови за осигурување и клаузулите се правна основа на која се темелат односите во осигурувањето (во натамошниот текс: Договор за осигуруавање).

### Член 2.

### Траење на осигурањето

Доколку договорот за осигурување не е склучен за време пократко од една година, осигурувањето во смисол на овие услови, трае една година.

### Член 3.

### Промена на живеалиштето на договарачот на осигурањето

(1) Доколку договарачот на осигурувањето го промени местото на живеење, а за тоа не го извести ГРАВЕ, ГРАВЕ ќе ги испраќа известувањата на договарачот на осигурувањето по пошта со препорачана пратка на неговата последна

адреса. Сите испратени известувања имаат сила исто како кај вообичаениот начин на испраќање на известување, т.е. како да договарачот на осигурувањето не ја променил адресата.

(2) Ако договарачот на осигурувањето склучи договор за осигурување во својата фирма, во тој случај при промена на седиштето на фирмата важат одредбите од ст.1 од овој член.

**Член 4.**

**Доспевање на обврските за исплата на надомест**

(1) ГРАВЕ е должен да исплати паричен надомест во рок од 14 дена од завршувањето на постапката за утврдување на основот за постоење на осигурителен случај и обемот на надоместокот.

(2) По истекот на 14 дена од пријавената штета договарачот на осигурувањето може веднаш да побара исплата на дел од износот кој според конечната состојба би може да биде исплатен.

(3) Во случај да договарачот на осигурувањето ја одолговлекува постапката за утврдување на постоење на осигурителен случај и обемот за надомест, одредбите од ст.1 и 2 од овој член за тој период нема да се применуваат.

(4) ГРАВЕ има право да одбие исплата на надомест се додека не биде доставена целокупната потребна документација со која се утврдува постоење на осигурителен случај и обем на надомест. Доколку против договарачот на осигурувањето биде покрената управна или кривично-истражна постапка во врска со штетата, ГРАВЕ има право да ја одложи исплатата на надоместокот се до правосилно завршување на постапката.

(5) Во недостаток на други законски или договорни одредби, ГРАВЕ е должен да пружи покритие до висината на осигурената сума и во обврска е да исплати парчен износ на име настаната штете.

**Член 5.**

**Обврски на договарачот на осигурување**

(1) Со договор за осигурување може на договарачот на осигурувањето да му се утврдат одредени обврски на сторување или несторување.

(2) Во врска со договорените законски обврски, одговорноста на одговорното лице во правното лице е иста со одговорноста на договарачот на осигурувањето.

**Член 6.**

**Кршење на договорените обврски**

(1) Доколку договарачот на осигурувањето не ги исполни обврските спрема ГРАВЕ пред настапување на осигурителен случај, ГРАВЕ нема обврска да изврши исплата на надомест. Во случај на неисполнување на обврските намерно или со грубо невнимание, ГРАВЕ има право во рок од 30 дена од денот на дознавањето за кршењето на обврските да го раскине договорот без отказен рок, ако за кршењето на обврските е одговорен договарачот на осигурувањето. Ако ГРАВЕ не го откаже договорот во рок од 30 дена, тогаш тој при настапување на нов осигурителен случај не може да се повикува на правото од ослободување од обврските за исплата на надомест.

(2) Во случај на неисполнување на обврска од страна на договарачот на осигурувањето, а која бил должен да ја исполни, ГРАВЕ во смисол на намалување на обемот на опасноста или спречување на нејзиното зголемување, не може да се повикува на своето право на ослободување на обврската за исплата на надоместот, доколку тоа неисполнување не влијае на настанување на осигурениот случај или на обемот на надоместокот на кој е обврзан.

(3) При неисполнување на една од обврските која ГРАВЕ треба да ја исполни по настанување на осигурениот случај, договарачот на осигурувањето е обврзан на ГРАВЕ да му ја надомести штетата која му ја причинил со своите постапувања односно непостапувања. Ако ГРАВЕ не е во состојба да утврди постоење на осигурителен

случај или обем на  надоместот поради намерно или со грубо невнимание предизвикано неисполнување на една од обврските на договарачот на осигурувањето после настанувањето на осигурениот случај, тогаш ГРАВЕ нема обврска да исплати надомест.

(4) Во обврски од ст.2 на овој член спаѓаат законски, управни или договорни обврски. Договарачот на осигурувањето е обврзан да се придржува на наведените обврски и не смее да дозволи кршење  на тие одредби од страна на трети лица. ГРАВЕ има право во рок од 30 дена од дознавањето за неисполнување на овие обврски да го откаже договорот за осигурување со отказен рок од 30 дена. Правото на отказ не важи ако повторно се воспостави состојба која  постоела пред погоре наведениот рок.

## Член 7.

## 0бврска за пријавување на состојба пред склучување на договор за осигурување

(1) Договарачот е должен при склучување на договорот со ГРАВЕ, точно и во потполност да ги пријави сите околности кои се важни за оцена на ризикот, кои му се познати или морале да му бидат познати. За важни се сметаат оние ризични околности кои по мислење на ГРАВЕ можеле да имаат влијание на одлуката за склучување договор и за такви се сметаат оние околности за кои ГРАВЕ исклучиво во писмена форма поставил прашања.

2) Ако договарачот на осигурувањето намерно или со грубо невнимание ја прекрши оваа одредба и со тоа затаи битна околност или неточно ја пријави, тогаш ГРАВа право да го поништи договорот, поради што законски се ослободува од обврската за плаќање на надомест.

3) Ако договор склучи полномошник или застапник без овластување и притоа неточно ги пријави околностите, тогаш ГРАВа право да го раскине договорот, бидејќи договарачот на осигурувањето е одговорен за точноста на сите податоци. Договарачот на осигурувањето може да се повика на околноста дека таквото пријавување настанало без негова вина или пропуст.

(4) Доколку ГРАВЕ после настанување на осигурениот случај го раскине договорот, обврската за исплата на надоместот сепак останува, ако околноста, поради која била неисполнета обврската за пријава не влијаела на настанокот на осигурениот случај и обемот на надоместокот кој ГРАВЕ е должен да го исплати.

## Член 8.

## Зголемена опасност од штетен настан

(1) Договарачот на осигурувањето не смее после склучувањето на договорот да влијае на зголемување на опасноста од штетен настан, ниту да дозволи да до него дојде  со влијание на трети лица.

(2) Ако договарачот на осигурување дознае дека без дозвола на ГРАВЕ, промената која сам ја извршил или дозволил да се изврши, влијаела на зголемени опасности, тогаш во рок од 8 дена е обврзан тоа да го пријави на ГРАВЕ.

(3) Доколку после склучување на договорот за осигурување и против волјата на договарачот на осигурувањето настапи зголемена опасност од штетен настан, тогаш договарачот на осигурувањето веднаш по дознавањето, а најдоцна во рок од 14 дена мора ваквата зголемена опасност да ја пријави во ГРАВЕ.

(4) Како зголемени опасности се сметаат оние околности кои би имале влијание на одлуката на ГРАВЕ да склучи договор, или договорот да го прифати под други услови.

(5)  Во случај на зголемена опасност ГРАВЕ согласно одредбите од Закон за облигациони односи има прво да го откаже договорот односно да предложи усогласување на висината на премијата и опасноста. Ако пак во меѓувреме настапил осигуран случај има право да го откаже договорот односно да предложи усогласување на висината на премијата и опасноста. Ако во меѓувреме настапил осигурителен случај, ГРАВЕ има обврска да исплати надомест сразмерно со уплатената премија и премијата која би требало да биде платена поради зголемена опасност.

(6) Одредбите од овој член се применуваат во случај на зголемнена опасност која би настанала во периодот од предавањето на понудата до склучувањето на договорот за осигурување, а која на ГРАВЕ при склучувањето на договорот не и била позната.

## Член 9.

## Пријава и утврдување на штета

(1) Договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот на осигурувањето, должни се да во ГРАВЕ го пријават осигурениот случај во рок од три дена од денот кога дознал за случајот.

(2) ГРАВЕ има право да бара да договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот по случувањето на осигурениот случај ги стави достапни сите потребни информации кои се битни за утврдување на осигурениот случај. ГРАВЕ исто така има право да од договарачот на осигурувањето, од осигуреникот или корисникот побара и писмена документација во врска со осигурениот случај.

## Член 10.

## Плаќање на премија

(1) Премија во принцип за секој период на осигурување се плаќа однапред. Премијата може за секој период на осигурување да се плаќа на рати при што задолжително се наведува во полисата.договарачот е должен првата премија и трошоците да ги плати најкасно до приемот на полисата, а следната премија со дополнителните трошоци доспева во договорените рокови. Ако договарачот на осигурувањето не ги плати ратите во определениот рок или ако договорот за осигурување привремено биде раскинат, сите неплатени рати од премијата доспеваат веднаш за наплата.

(2) Покритието за плаќање започнува со првата премија, но не пред доспевањето на понудата во ГРАВЕ. Ако ГРАВЕ побарува плаќање на премијата по тој рок и ако истата биде платена во рок од 8 дена, тогаш осигурувањето започнува од денот наведен во полисата.

(3) Договарачот на осигурувањето ги доставува премиите до ГРАВЕ на сопствена одговорност и трошок. Ако премијата се плати во пошта или во готовина на касата на главната или подрачната дирекција, се смета дека е платена на денот на приемот. Во спротивно се смета дека е платена оној ден кога уплатата е приситгната на сметка на ГРАВЕ.

(4) ГРАВЕ може да ја одбие доспеаната прмемија или некој друг износ на кој според договорот има право на износ по кој е должен да му исплати на договарачот на осигурувањето или на трто лице.

(5) Ако договарачот на осигурувањето при склучување на договор не пријавил или пак премолчил некоја околност која е од важност за одредување на висината на ризикот или ако по склучувањето на договорот настапило зголемување на ризикот, во тој случај ГРАВЕ има право да го раскине договорот или на договарачот на осигурувањето да му предложи да го продолжи договорот но со покачена премија.

(6) ГРАВЕ има право да ја одбие понудата за осиграње, ако за опасноста која би ја превзел на себе постојат посебни ризични околности. Ако ГРАВЕ може да го прифати побараното осигурително покритие, тогаш на подносителот на понудата заедно со известувањето за одбиената понуда должен е да му понуди осигурување со зголемена премија поради зголемен ризик.

## Член 11.

## Писмена форма

(1) Сите договори, пријави, барања и известувања во врска со договорот за осигурување се поднесуваат во писмена форма. Поднесните изјави се валидни само ако се напишани на обрасци издадени од ГРАВЕ. Дописите поднесени од договарачот на осигурувањето односно од осигуреникот важат по нивно доставување до ГРАВЕ.

(2) ГРАВЕ може при прифаќањето на понудата за осигурување да побара дополнување и објаснување. Откако ГРАВЕ ќе ги добие потребните дополнувања и објаснување понудата ќе се смета за доспеана и стапува на сила.

(3) Копијата од понуде на подносителот која стапила на исла се смета за составен дел на полисата. Доколку понудата е доставена по пошта или на друг начин, а податоците во полисата не отстапуваат од оние во понудата,

како потпис на договарачот на осигурувањето ќе се смета потписот ставен на полисата. Во ваков случај ќе се смета дека договорот е склучен оној ден кога договарачот на осигурувањето ја примил полисата.

## Член 12.

## Застапници на осигурување

Сите застапници на ГРАВЕ се должни да им даваат потребни информации на договарачите на осигурувањето и да ги советуваат. Застапниците не се овластени да во име и за сметка на ГРАВЕ даваат изјави кои би го обврзувале ГРАВЕ.

## Член 13.

## Вештачење

(1) Секоја договран страна може да побара вештачење за утврдување на причината и висината на штетата. Одлуката од вештото лице е обврзувачка за двете страни, доколку не се докаже нејзино очигледно отстапува од реалната состојба. Само ако вештаците не донесат, не можат, не сакаат или пак го одолговлекуваат донесувањето на одлуката, одлука носи надлежниот суд.

(2) Во случај да се започне постапка за вештачење важат следниве одредби:

1) Секоја договорна страна именува еден вештак.

2) секоја договорна страна именува свој вештак и бара од другата договорна страна писмено да именува свое вешто лице. Ако другата договорна страна не се произнесе во рок од 14 дена од приемот на барањето, тогаш на барање на договорната страна вториот вештак го одредува надлежниот суд. Во барањето задолжително треба да се укаже на оваа правна последица.

3) Избраните вешти лица пред да пристапан на вештачење избираат трет вештак, кој ја има функцијата на претседател-арбитер. Доколку не можат да се сложат околу изборот на трето вешто лице, тогаш наделжниот суд го именува третиот вештак по барање од една од одоговрните страни.

4) Вештаците својата одлука истовремено ја доставуваат до ГРАВЕ и до договарачот на осигурувањето. Доколку резултатите од вештачењето отстапуваат едно од друго, тогаш ГРАВЕ под итно ги доставува на разгледување на претседателот-арбитерот. Претседателот одлучува околу спорните точки во рамките на двете експертизи, и оваа своја одлука ја доставува до ГРАВЕ и договарачот на осигурувањето. Мислењето на претседателот е обврзувачко за двете страни.

5) Секоја договорна страни ги сноси трошоците за својот вештак, а трошоците за претседателот-арбитер ги сносат двете страни подеднакво.

(3) Врз основа на експертизата дадена од вештите лица или од претседателот-арбитерот, се проценува висината на надоместокот.

(4) По пат на вештачење не се утврдува обврската на договарачот на осигурувањето во случај на штета.

(5) ГРАВЕ и договарачот на осигурувањето можат спогодбено да се договорат да само едно вешто лице донесе обврзувачка одлука.

## Член 14.

## Осигурување за туѓа сметка и осигурување од трето лице

(1) Осигурување за туѓа сметка и осигурување од трето лице се врши во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 15**

**Заштита на потрошувачи**

Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:

- Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
- Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
- Организација за заштита на потрошувачи, и
- Агенција за супервизија на осигурување

Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.

**Член 16**

**Доверливост на информациите**

Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките

**Член 17**

**Вонсудско решавање на спорови**

Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување, ќе се обидат да ги решаваат вонсудски на мирен начин.
Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување живот.

Приговорите од став 2 на овој член осигурувачот ќе ги проследи до Комисија за решавање на претставки на друштвото, која е должна во однос на истите да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

Во случаите кога договорувачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот - Агенција за супервизија на осигурување. Исто така, овие лица можат до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесат приговор, односно жалба во писмена форма против целокупното работење на Друштвото за осигурување.

## Член 18

## Заштита на лични податоци

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот согласно прописите што го регулираат осигурувањето, правата на потрошувачите и заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци од Договорот за осигурување во земјата и во странство. Осигуреникот му дозволува на осигурувачот за потребите за спроведување на договорот за осигурување да собира и обработува податоци за неговата здравствена состојба во земјата и во странство, вклучувајќи со тоа и овластените лица на осигурувачот да ја обработуваат здравствената документација на осигуреникот, да ги доставуваат податоците до осигурувачот, како и да вршат проверка на точноста и промените на личните податоци во здравствените установи и кај други правни и физички лица кои располагаат со тие податоци.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот и на неговиот договорен обработувач на личните податоци, во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член само за потребите за спроведување на договорот за осигурување. Договарачот на осигурувањето само со давање на изречна согласност може да му дозволи на осигурувачот согласно со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член, освен податоците за здравствената состојба, во цели за обработка и непосреден маркетинг за себе и поврзани друштва во земјата и во странство.
Договарачот на осигурувањето - физичкото лице, може да побара информација за обработката на неговите лични податоци, целите и правната основа на обработката на личните податоци на веб-страницата на осигурувачот.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, може дозволата од претходниот став на овој член во секој момент бесплатно, трајно или привремено да ја отповика со писмено барање, пратено на адреса на осигурувачот.
Личните податоци од став 1 и 2 од овој член, освен податоците за здравствената состојба, можат да ги обработуваат и овластени лица за застапување и посредување, како и договорните обработувачи на лични податоци.
Осигурувачот ги чува личните податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци и интерните акти за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## Член 19

## Застареност

Побарувањата од договорот за осигурување живот застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

## Член 20

## Надзор над друштвото за осигурување

Надзорно тело надлежно за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

## Член 21

## Изјава за информираност

Договарачот на осигурувањето/осигуреникот со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучувањето на договорот за осигурување, од страна на осигурувачот писмено се известени за сите податоци согласно членовите од Законот за супервизија во осигурувањето и дека пред склучувањето на осигурувањето им е оставено разумно време за донесување на конечна одлука за склучување на Договорот за осигурување. Согласно ова, договарачот/осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени и за правото за поднесување на претставка.

## Член 22

## Завршни одредби

Во случај на спор за пресудување е надлежен стварно и месно надлежниот суд на Република Северна Македонија во седиштето на осигурувачот.

За односите меѓу осигурувачот и договарачот кои не се уредени со овие Општи услови, се применуваат законските одредби.

Осигурувачот ќе го извести договарачот за сите промени во согласност со законските прописи.
Договарачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договарачот е правно лице, како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договарачот е правно лице.
Овие услови влегуваат во сила и ќе се применуваат од 01.07.2022 година